Друштво за производство,трговија и услуги
ВЕЛМОНД ГРУП ДОО
Бр. 0302-99/1
27.08 2025 год.
Велес

**ДПТУ ВЕЛМОНД ГРУП ДОО Велес**
**ул. Живко Фирфов бр.63**
**Велес 1400**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 29-08-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 11 | 4539/1 | | |

До

**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање на Република**
**Северна Македонија**
**-Управа за животна средина**
ул.Проштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Достава на Известување за намера за изведување на проект – Свињарска фарма на Велмонд Груп доо Велес и Барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина

Почитувани,

Друштвото за производство, трговија и услуги ВЕЛМОНД ГРУП ДОО Велес има намера да реализира проект: **Свињарска фарма (Фарма за интензивно свињарство) со капацитет од 450 места за свињи-маторици**. Локацијата на свињарската фарма е на територијата на општина Лозово.

Изградбата се планира да се изведе на земјоделско земјиште земено под наем од страна на Инвеститорот врз основа на склучен договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и по добиено Решение со Согласност за градење, издадено од истото министерство. За свињарската фарма е изработен Основен проект со фази архитектура, водовод и канализација и електротехника, елаборат за ПП заштита и елаборат за заштита при работа. Основниот проект е ревидиран во редовна законска постапка од овластена ревизорска куќа.

Според проектираниот капацитет, свињарската фарма спаѓа во **Прилог I. Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина** од ,,Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина'' (Сл.весник бр.74/2005).

Во таа смисла, а врз основа на член 80 став (1) и став (2) од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05,24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл.весник на РСМ бр.89/22, 171/22 и 3/25) во прилог на овој допис доставуваме Известување за намера за спроведување на проектот, во обем и содржина согласно ,,Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијание на проектот врз животната средина'' (Сл.весник бр.33/2006 година) во пишана и во електронска форма.

Истовремено, согласно член 81 став (7) од Законот за животна средина доставуваме Барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

Со почит,

Велес
29.08.2025г.

**ВЕЛМОНД ГРУП ДОО ВЕЛЕС**
Управител
Дарко Стојанов

Друштво за производство, трговија и услуги ... Велес

Scanned with CamScanner